ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-73/5
16.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 19 од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/09, 53/11, 41/14 и 53/16) и Записникот на Комисијата за административна селекција за вработување на административен службеник бр.10-179/4 од 12.02.2018г. в.д. директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на ден 16.02.2018 ја донесе следнава

# О Д Л У К А

Јавниот оглас бр.02/2018 распишан на 26.01.2018г. за вработување на еден административен службеник за работно место АКР0102В01005 Советник – Координатор за акредитација на медицински лаборатории - Одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории во Институтот за акредитација на Република Македонија, се поништува.

Образложение

По барање на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на 26.01.2018 година е објавен Јавен оглас бр.02/2018 на веб страната на Агенцијата за администрација и во три дневни весници за вработување на еден административен службеник за работно место АКР 0102В01005 Советник – координатор за акредитација на медицински лаборатории - Одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории во ИАРМ. За спроведување на постапката формирана е Комисија за административна селекција за вработување на административен службеник која изготви Записник бр.10-179/4 од 12.02.2018г. во кој е констатирано дека на огласот се пријавени 4 кандидати од коиниту еден е уреден, односно ниту еден не ги исполнува пропишаните услови во огласот и не продолжува во натамошната фаза од постапката за вработување, поради што и не може да се изготви ранг листа кандидати за избор. В.д. директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија го прифати Записникот од Комисијата и донесе одлука како во диспозитивот.

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

в.д.директор,
Д-р Трпе Ристоски

**Д-но до:**
-архива
-Одделение за правни и општи работи
-Агенција за администрација